

Младите и корупцијата

Ставови, искуства и предлози за промена

Младите и корупцијата

Ставови, искуства и предлози за промена

Извештај од истражување базирано на анкета со средношколци и студенти





Federal Foreign Office



Institut für Auslandsbeziehungen

Оваа анализа е изработена во рамки на проектот „*Младите луѓе во Република Северна Македонија: Клучна алка во градењето општество без корупција*“, поддржан од програмата ZIVIK, со средства обезбедени од Германското Сојузно Министерство за Надворешни Работи. Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на авторите и не ги одразува нужно ставовите на програмата ZIVIK, Германското Сојузно Министерство за Надворешни Работи или партнерите во проектот.

Скопје, 2025
Подготвено од: Аналитика Тинк Тенк

Извршно резиме

Овој извештај ги претставува перцепциите, искуствата и ставовите на младите во Северна Македонија во однос на корупцијата. Истражувањето беше спроведено со 629 млади (возраст 16–26 години) од Скопје, Струмица и Гостивар, преку онлајн анкета, фокус групи и интервјуа. Главна цел беше да се утврди како младите ја препознаваат корупцијата, дали се подготвени да ѝ се спротивстават и кои механизми би го олесниле нивниот ангажман.

Клучни наоди:

Младите корупцијата не ја сведуваат само на поткуп, туку ја разбираат како системска појава: злоупотреба на моќ, непотизам, нечесност.

- ◊ *Институции со најниска доверба: судството, политичките партии, администрацијата, образованието.*
- ◊ *Повеќе од половина од младите (54%) лично или посредно се соочиле со корупција во образованието.*
- ◊ *Купување дипломи (30%) и поткуп за оценки (24,3%) се најчесто наведените примери на корупција во училиштата и факултетите.*
- ◊ *69,6% од младите велат дека корупцијата ги демотивира и ја урива вербата во трудот и знаењето.*
- ◊ *Образованието ретко го обработува прашањето на корупција – 70% сметаат дека темата е слабо или воопшто не е застапена во наставата.*
- ◊ *Образованието е трета најспоменувана област (по вработување и политика) каде младите препознаваат изложеност на жени на корупција (37,2%) и на мажи (33,1%).*
- ◊ *Доминира чувство на апатија и разочараност – но сепак, 51% би пријавиле корупција ако постои доверлив и безбеден механизам.*
- ◊ *Девојките се почувствителни на коруптивни практики и имаат поизразена етичка ориентација.*
- ◊ *Младите предлагаат решенија како граѓанско образование, дигитални алатки и иновативни начини за вклучување.*

Клучни препораки:

- ◊ *Институционализирање на антикорупциското образование од основно до високо ниво, со содржини за етика, одговорност и интегритет во наставните програми.*
- ◊ *Инвестирање во интерактивни и иновативни едукативни материјали кои поттикнуваат критичко размислување и активно граѓанство.*

- ◊ *Јакнење на капацитетите и интегритетот на наставниот кадар преку обуки и менторска поддршка.*
- ◊ *Воспоставување функционални механизми за анонимно пријавување и постапување по случаи на корупција во училиштата.*
- ◊ *Активно вклучување на учениците, родителите и младинските совети во антикорупциските активности.*
- ◊ *Партнерства помеѓу училиштата, ДКСК и граѓанските организации за спроведување на врсничка едукација и јавни кампањи.*
- ◊ *Развој и промоција на дигитални алатки (апликации, игри, видеа) за неформално учење и мобилизација на младите.*
- ◊ *Поддршка на младите да станат амбасадори на интегритет и активни чинители во креирањето на промени.*

Иако младите се соочуваат со недоверба и разочараност, тие не се рамнодушни. Потребно е институциите, граѓанските организации и донаторите да ги препознаат младите како активни чинители и сојузници во борбата против корупцијата.

1. Вовед

Корупцијата претставува еден од најсериозните и најдлабоко вкоренети системски проблеми во Северна Македонија. Таа директно го поткопува владеењето на правото, отчетното и транспарентно управување, човековите права, квалитетот на животот на граѓаните, а во поширока смисла и самата демократија.

Според последниот Индекс на перцепција на корупцијата (CPI) за 2024 година на Transparency International, земјата за само една година бележи пад во рангирањето, од 76 место во 2023 година, на 88 место во 2024 година, од вкупно 180 земји. Во Извештајот на Европската комисија за 2024 година, пак, се оценува дека Северна Македонија не постигнала напредок во борбата против корупцијата, и покрај тоа што ова прашање е формално приоритет на сите влади досега. Главните препораки на Европската комисија (ЕК) за борба против корупцијата, кои од година во година се повторуваат, главно се фокусираат на усогласување на законската регулатива со стандардите на ЕУ, подобрување на спроведувањето на националната стратегија за превенција на корупцијата и судирот на интереси, како и целосно спроведување на препораките од ГРЕКО – Групата на држави против корупција при Советот на Европа.

Проблемот со корупцијата граѓаните го чувствуваат и со него се соочуваат во секојдневниот живот – при вработување, во образованието, во здравството, во контакт со јавните институции на локално и национално ниво, односно секаде каде што државата треба да им испорача јавни услуги. Неретко, корупцијата претставува „влезен билет“ за остварување на некое законски загарантирано право, па дури претставува и предуслов за опстанок.

Ваквата состојба негативно влијание и врз младите, кои сè почесто се чувствуваат изолирани и разочарани од системот. Ограничените можности, непотизмот и клиентелизмот, како и свесноста дека знаењето и трудот не се доволни за успех и напредок, предизвикуваат апатија, пасивност и на крај, иселување на младите луѓе.

Слични трендови се забележуваат и во други западнобалкански земји. Истражувањата на FES и други организации во 2023–2024 година покажуваат дека младите во Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Србија, Бугарија и Северна Македонија доживуваат корупцијата како широко распростанет проблем во образованието, вработувањето и политиката. Употребата на неформални практики, како користењето на врски, поткуп или измами, е висока и се зголемува со времето .

Во рамки на „Youth Study Southeast Europe 2024" помеѓу многу теми, посветено беше внимание и на корупцијата, при што младите ги оценуваат образованието како сериозно засегнат сектор со пракси како плаќање за добивање оценки и дипломи. Овие наоди се во склад со перцепциите откриени во анкетата спроведена во рамки на нашиот извештај.

Овие сличности го нагласуваат фактот дека борбата против корупцијата во образованието и младинските политики не е само национален, туку и регионален предизвик, кој бара споделување на добри практики, меѓународна поддршка и заеднички пристап кон реформи.

Во таа насока, особено е важно да се анализира како младите во нашата земја ја перцепираат корупцијата, со какви искуства се соочуваат и во која мера се подготвени да се спротивстават на оваа појава. За да ги осознаеме ставовите, искуствата и перцепциите на младите за корупцијата, како и нивната подготвеност за отпор, активизам или промена, спроведовме анонимна онлајн анкета меѓу лица на возраст од 16 до 26 години (главно средношколци и студенти), од Скопје, Гостивар и Струмица.

Истражувањето има за цел да ги идентификува клучните точки на незадоволство, но и потенцијалните патишта за активирање, мотивирање и охрабрување на младите во борбата против корупцијата, преку различни образовни, институционални и граѓански механизми и политики.

Дефиниција за корупцијата

Во теоријата, легислативата и меѓународните документи постојат бројни дефиниции за корупцијата. Додека Transparency International ја дефинира корупцијата како „злоупотреба на доверената моќ за приватна корист", Обединетите нации ја гледаат корупцијата како сложен социо-економски феномен кој вклучува злоупотреба на јавната функција за приватен профит, (директно или индиректно). Токму затоа, Конвенцијата на Обединетите нации против корупција (UNCAC) не нуди единствена дефиниција за корупцијата. Таа се насочува кон идентификување на конкретни коруптивни дела, кои секоја држава-членка треба да ги прогласи за кривични дела. Овој пристап, всушност е одговор на предизвикот да се утврди сеопфатна дефиниција за корупцијата, заради нејзините разновидни манифестации, како на национално, така и на регионално и глобално ниво.

Во националното законодавство, Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси ја дефинира корупцијата како „злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба за остварување корист, директно или преку посредник, за себе или за друг". Кривичниот законик, иако не дава општа дефиниција, содржи

низа дела кои ја опишуваат коруптивната практика: примање и давање поткуп, злоупотреба на службена положба, трговија со влијание и др.

Вообичаено, во многу правни системи, наместо да се даде општа дефиниција за корупцијата, законодавството се фокусира на опишување на конкретни дејствија што претставуваат коруптивни практики и предвидува соодветни санкции за нив.

Клучни меѓународни инструменти за борба против корупцијата

Меѓу најзначајните документи за борба против корупцијата се:

а) Конвенцијата на ОН против корупцијата (UNCAC)

Конвенцијата на Обединетите нации (ОН) против корупцијата, е усвоена во октомври 2003 година, со Резолуцијата 58/4 на Генералното собрание на ОН и претставува единствен обврзувачки глобален анти-корупциски меѓународен инструмент. Северна Македонија ја потпиша во август 2005 година, а ја ратификуваше во април 2007 година.

Конвенцијата на ОН против корупцијата е водечка глобална спогодба која ги обврзува владите да и се спротиставуваат на корупцијата преку превенција, криминализација, меѓународна соработка и техничка асистенција.

б) Групата на држави против корупцијата – ГРЕКО

Групата на држави против корупцијата – ГРЕКО е формирана во 1999 година од Советот на Европа, со цел да го подобри капацитетот на земјите-членки за борба против корупцијата и тоа, преку следење на нивната усогласеност со антикорупциските стандарди на Советот на Европа. Нивото на усогласеност се утврдува преку процес на евалуации кој ги идентификува недостатоците на националните антикорупциски политики, и поттикнува законодавни и институционални реформи. Членството во ГРЕКО не е ограничено само на земјите членки на Советот на Европа.

Северна Македонија е членка на ГРЕКО од 2000 година и учествува во сите активности на оваа меѓународна организација, со која има континуирана соработка и комуникација.

Национална законска рамка за спречување на корупцијата

Законот за спречување на корупција и судир на интереси, донесен во 2019 година, претставува клучен правен инструмент за воспоставување механизми за казнивост, превенција и сузбивање на корупцијата. Специфичен е по тоа што ги интегрира прашањата за корупција и судир на интереси, и утврдува мерки за нивно спречување во извршувањето јавни функции, носењето одлуки од јавен интерес, службени овластувања и политички активности. Законот, исто така, пропишува активности за превенција на судир на интереси, како и постапки за пријавување и постапување по пријави до Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК).

Државната комисија за спречување на корупцијата е самостојно и независно тело чија основа функција е да ја спречува, открива и сузбива корупцијата, и судирот на интереси во јавниот сектор. Основана како клучен антикорупциски механизам, ДКСК меѓу другото, има недлежност да спроведува антикорупциска проверка на законите, да постапува по пријави од граѓани и институции, да го следи финансирањето на политичките партии и изборните кампањи, да врши проверки на имотните состојби и конфликтите на интереси

на функционерите, да иницира постапки пред надлежни органи и др. Комисијата има и едукативна улога односно спроведува активности за подигнување на јавната свест за корупцијата.

Главен документ за антикорупциските политики е Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021–2025, изготвена од ДКСК и усвоена од Собранието. Стратегијата има за цел да го намали нивото на корупција и да го зајакне интегритетот, транспарентноста и отчетноста во сите сектори, како и да ја зголеми довербата на јавноста во институциите што се вклучени во борбата против корупцијата.

Покрај основниот закон, антикорупциската рамка во Северна Македонија опфаќа и низа други закони, како што се Кривичниот законик, Законот за заштита на укажувачи, Законот за лобирање, Законот за јавни набавки и др. Овие закони се насочени кон спречување, откривање и санкционирање на корупцијата, и се усогласени со европските принципи и директиви што ги регулираат релевантните области.

Европската комисија ја оценува националната институционална и законска рамка за борба против корупцијата како делумно позитивна, особено во делот на мерките за превенција. Сепак, за да се постигне поефективно справување со корупцијата, ЕК постојано ја нагласува потребата од целосно и доследно спроведување на постојните закони и механизми, како и нивно натамошно унапредување и усогласување со европските стандарди.

2. Цел на истражувањето и методологија

2.1 Цел на истражувањето

Целта на истражувањето беше да се анализираат знаењата, ставовите, искуствата и перцепциите на младите лица на возраст од 16 до 26 години од Скопје, Гостивар и Струмица во однос на корупцијата. Истражувањето имаше за цел да одговори на следниве аспекти:

а) Да ги идентификува најчестите точки на контакт на младите со коруптивни практики во секојдневниот живот (на пр. во образованието, здравството, јавните услуги и сл.), вклучително и да ја процени нивната способност за препознавање и разбирање на корупцијата;

б) Да ја анализира довербата на младите во јавните институции и нивната перцепција за капацитетот на истите да превенираат корупција, како и нивото на информираност за постојните механизми за пријавување;

в) Да ја испита подготвеноста и мотивираноста на младите за индивидуално или колективно дејствување против корупцијата (преку активизам, пријавување, отпор и сл.);

г) Да ја процени нивната свесност за родовата димензија на корупцијата и различните форми и последици што таа ги има врз жените и мажите;

д) Да формулира конкретни препораки до релевантните институции и организации, со цел зголемување на учеството на младите во антикорупциските процеси.

2.2. Методологија на истражувањето

За потребите на истражувањето беше користен методот на анонимна онлајн анкета, спроведена преку платформата Google Forms.

Анкетниот прашалник[1] се состоеше од два дела:

Демографски податоци на испитаниците (пол, возраст, место на живеење, статус и етничка припадност);

Тематски блок со вкупно 20 прашања, организирани во три категории:

а) Препознавање, перцепција и лично искуство со корупцијата;

б) Родовата димензија на корупцијата;

в) Ставови за борбата против корупцијата и можности за граѓанско ангажирање.

Прашањата беа од затворен тип, со однапред понудени одговори, но секогаш беше оставена можност испитаниците да дадат сопствен коментар или алтернативен одговор. Во зависност од содржината, дел од прашањата дозволуваа избор на еден одговор, додека други дозволуваа мултиплен избор (два или три одговори истовремено).

Целната група беа млади лица на возраст од 16 до 26 години, главно средношколци и студенти, од Скопје, Гостивар и Струмица. Прашалникот беше дистрибуиран преку социјалните мрежи, едукативни групи и младински канали, со цел да се опфати поширок и разновиден примерок.

Истражувањето не претендира на национална репрезентативност, туку служи како индикативна алатка за согледување на клучните трендови, перцепции и можности за интервенција кај младите во избраните средини.

Сите одговори беа доброволни и анонимни, со целосно почитување на принципите на приватност и истражувачка етика. Анкетата беше спроведена во периодот од 15 април до 15 мај 2025 година и опфати вкупно 629 испитаници.

Податоците се обработени квантитативно и квалитативно, со дополнителна анализа на отворените одговори, со цел да се обезбеди подлабоко разбирање на ставовите и искуствата на младите во однос на корупцијата.

Врз основа на наодите, изработен е сет препораки наменети за релевантните институции и граѓанскиот сектор, со цел поефикасно вклучување и активирање на младите во борбата против корупцијата.

1 Види поглавје 8. Прилози, 8.1 Прашалник за анкета за младите и корупцијата

3. Контекст и поддршка на проектот

Истражувањето е спроведено во рамки на проектот „Младите луѓе во Република Северна Македонија: Клучна алка во градењето општество без корупција“, поддржан од Програмата за финансирање ZIVIK, преку средства обезбедени од Германското сојузно министерство за надворешни работи. Овој проект има за цел да ги слушне гласовите на младите, да ги поттикне нивните капацитети и да им понуди платформа за активно учество и промени.


4. Анализа на резултатите од анкетното истражување

4.1 Основни демографски карактеристики


Анкетата ја пополнија вкупно 629 млади лица, од кои 55,3% се девојки, а 42,1% момчиња.



Најголемиот дел од испитаниците (72%) се на возраст од 16 до 18 години, при што 73,9% се средношколци, а 18% студенти.




Во однос на местото на живеење, 36,7% се од Скопје, 27% од Гостивар, 26,2% од Струмица, додека останатите навеле дека живеат во други делови од државата.



Прашањето за етничка припадност беше факултативно. Од оние кои одговориле, 69,9% се изјасниле како Македонци, 16,2% како Албанци, 6,7% како Турци, 2,4% како Роми, а останатите припаѓаат на други етнички заедници или не се изјасниле.

4.2 **Препознавање, перцепција и искуство со корупцијата**

Делот од прашалникот кој се однесуваше на препознавање, перцепција и искуство со корупцијата опфати вкупно осум прашања.



На прашањето **„Како би ја дефинирале корупцијата?“**, испитаниците имаа можност да изберат меѓу четири понудени одговори — поткуп, злоупотреба на моќ, фаворизирање/непотизам, сè од наведеното, ништо од наведеното — како и да внесат сопствено објаснување.

Речиси половина од младите (50,2%) ја дефинираат корупцијата како комбинација од повеќе форми: поткуп, злоупотреба на моќ и непотизам. За 26,6% корупцијата се сведува главно на поткуп, додека 17,6% ја поврзуваат со злоупотребата на позиција и овластувања. Во отворените коментари, неколку испитаници корупцијата ја опишуваат како „крадење на нашите пари и животи“, што претставува особено силен израз на лично и генерациско незадоволство.

Овие резултати укажуваат дека младите имаат широка и слоевита перцепција за корупцијата — таа не се поистоветува само со поткуп, туку се согледува како структурен општествен проблем што ја разјадува правичноста, интегритетот и довербата во институциите. Особено впечатлива е емотивната формулација во коментарите, дека корупцијата е „крадење на нашите пари и животи“, која ја рефлектира длабоката фрустрација и чувството на лично засегнување. Ова сугерира дека младите ја доживуваат корупцијата не само како политички или институционален предизвик, туку и како директна закана врз нивниот животен потенцијал и општествена иднина.

Интересно е што најголем дел од испитаниците избрале опција која ги опфаќа сите форми на корупција. Ова може да се протолкува како знак дека младите не прават остри разлики меѓу различните коруптивни практики – туку ги доживуваат како меѓусебно поврзани и дел од поширок системски проблем. Вакватa општа дефиниција може да укаже и на чувство на нормализирана корупција, односно перцепција дека сите овие појави се подеднакво присутни и дел од секојдневието. Ова може да претставува добра основа за понатамошно антикорупциско образование и активизам.

Кога станува збор за **препознавањето на корупцијата,** половина од испитаниците (50,7%) изјавиле дека делумно знаат и можат да ја препознаат, додека речиси една третина (31,2%) сметаат дека многу добро ја препознаваат. Наспроти тоа, 8,6% изјавиле дека не знаат и не можат да ја препознаат корупцијата, а 9,5% немаат став за ова прашање. Овие резултати укажуваат на тоа дека најголем дел од младите имаат барем основна способност за препознавање на корупција, но сепак постои значаен процент (речиси 1 од 5) кои или не се сигурни, или сметаат дека не можат да ја препознаат. Ова укажува на простор за подобрување на едукативните содржини, особено во делот на конкретни примери и реални ситуации.




На прашањето **кои се главните причини за корупцијата во земјата,** испитаниците можеа да изберат најмногу два одговора од понудената листа (непрофесионално и партиски контролирано судство, политизирани институции и администрација, култура на неказнивост - никој не одговара за корупција, сиромаштија, ниски плати во јавниот сектор, отсуство на етика и лична одговорност кај носителите на функции, недоволна свесност на



граѓаните за последиците од корупцијата, слаби механизми на државна контрола и ограничена улога на медиумите и граѓанскиот сектор). Испитаниците имаа и можност самите да дадат дополнителни коментари.

За 59% од анкетираните, главна причина за корупцијата е непрофесионалното и партиски контролирано судство, а на второ место се политизираните институции и администрација (42,4%). Особено загрижувачки е што една третина од младите ја посочуваат културата на неказнивост како клучна причина, а 25,3% го издвојуваат отсуството на етичка и лична одговорност кај носителите на функции. Понатаму, 23,1% ги истакнуваат слабите механизми на државна контрола, 22,3% ја наведуваат сиромаштијата, а 22,1% – недоволната свесност на граѓаните. За 15,7% клучна причина се ниските плати во јавниот сектор, а речиси 10% го посочуваат ограниченото влијание на медиумите и граѓанскиот сектор.


Резултатите јасно упатуваат на тоа дека младите ја гледаат корупцијата како системски, „одозгора надолу“ проблем, длабоко вкоренет во институционалните слабости. Најчесто се посочуваат структурни фактори – заробено судство, партизирана администрација, политички притисоци – кои создаваат амбиент во кој корупцијата не само што е можна, туку и очекувана. Особено значајно е тоа што корупцијата се доживува како одраз на нефункционални институции, а не само како последица на индивидуален морален пад и/или финансиски поттик.



Во оваа насока се и одговорите на младите за тоа **каде најчесто се јавува корупцијата во земјата.** Повеќе од половината испитаници (55,5%) го посочуваат судството и обвинителството како институции каде што корупцијата е најзастапена. Следуваат политизираните институции и администрацијата (45,9%), здравствените установи (40%) и полицијата и безбедносните служби (38,3%). Понатаму, 34,3% ги наведуваат инспекциските служби, 33,5% – општините, 31,5% – образовните институции, додека 16,7% ги посочиле социјалните служби.

Овие резултати упатуваат на недвосмислено препознавање на клучните носители на власт и јавни услуги како жариште на корупцијата. Наместо да бидат перципирани како столбови на правдата и заштитници на јавниот интерес, судството и обвинителството се гледаат како епицентри на коруптивни практики. Високиот процент на одговори за здравствените установи, полицијата и образовните институции укажува дека младите ја доживуваат корупцијата не како далечен или апстрактен проблем, туку како присутен во нивното секојдневие – во болниците, на административните шалтери, во училниците и при контакт со полицијата. Со други зборови, токму таму каде што треба да добиваат јавни услуги, поддршка и заштита, тие најчесто се соочуваат со неправда и нееднаквост.


На прашањето **дали се соочиле со корупција во образовниот систем** (училишта, факултети и сл.), дури 54,1% од испитаниците одговориле дека имаат директно (17,5%) или индиректно (36,6%) искуство. Само 17,5% одговориле дека никогаш не се соочиле со корупција, додека 28,5% изјавиле дека не знаат или немаат став по ова прашање. Овие резултати укажуваат на висока перцепција на корупција кај младите во образовниот сектор, како и на нарушена доверба во образовните институции. Присуството на значителен процент испитаници без јасно дефиниран став дополнително ја потврдува потребата од засилување на антикорупциското образование, но и од градење на култура на етика, транспарентност и интегритет во училиштата и факултетите.




На прашањето **дали биле сведоци или слушнале за конкретни примери на корупција во образованието,** речиси една третина од младите (30%) го навеле купувањето дипломи и сертификати како најчесто споменуван пример. Потоа следуваат: поткупот за добивање оценки (24,3%), фаворизирањето на ученици или студенти (21,3%) и злоупотребата на буџетски средства од страна на училиштата или факултетите (5,1%). Интересно е што 19,2% од испитаниците изјавиле дека не се сретнале со ниту еден од наведените примери.

Овие наоди покажуваат дека младите често имаат непосредно или посредно искуство со специфични коруптивни практики во образовниот сектор. Присуството на толку висока перцепција за сериозни злоупотреби, како што е купување дипломи, укажува на длабоко нарушен интегритет во дел од образовните институции и на потребата за итно институ-

ционално дејствување, особено во доменот на транспарентност, отчетност и следење на работењето.



Од аспект на **најнегативните последици од корупцијата врз младите** (со можност за избор на најмногу три одговори), дури 69,6% од испитаниците ја посочуваат загубата на мотивација и надеж дека образованието и трудот се исплатуваат. Дополнително, 61,7% сметаат дека корупцијата води кон масовна емиграција, а 41% ја поврзуваат со недоверба во институциите. Понатаму, 33,2% ја истакнуваат незаинтересираноста за општествено ангажирање, додека 29,4% укажуваат на култура на молчење и прифаќање на неправдата. За 22,9%, корупцијата резултира со зголемена општествена нееднаквост и социјално-економско исклучување.



Младите, недвосмислено, ја лоцираат корупцијата во самата срж на образовниот и институционалниот систем. Фактот што речиси една третина од испитаниците го издвојуваат купувањето дипломи како најтипична форма на корупција, а една четвртина го посочуваат поткупот за оценки, јасно покажува дека тие не само што ја препознаваат неправдата, туку се и свесни дека ваквиот извртен систем ги обесхрабрува оние што вложуваат труд и знаење.


Според нив, последиците не се апстрактни, туку реални и мерливи: демотивација, емиграција, пасивизирани и замолчени граѓани кои се навикнуваат да живеат со неправдата, ерозија на квалитетот на образованието, „вработувања по врски“ наместо по заслуги, и генерации кои учат дека интегритетот не се исплати, а корупцијата – да.

Покрај тоа, младите укажуваат дека корупцијата како тема ретко се обработува во формалното образование. Речиси 40% од испитаниците сметаат дека воопшто не се изучува, а дополнителни 29,3% ја оценуваат како недоволно застапена. Само 15% од младите веруваат дека прашањата поврзани со корупцијата се соодветно вклучени во наставните програми.

4.3 **Корупцијата и родовата еднаквост**

Прашалникот содржеше и сет прашања поврзани со врската помеѓу корупцијата и родовата еднаквост. Целта беше да се испитаат ставовите и перцепциите на младите во однос на тоа дали корупцијата се доживува како родово неутрална појава, или, пак, постојат перципирани разлики во влијанието врз жените и мажите.


На прашањето **„Дали сметате дека жените или мажите се повеќе изложени на корупција?“,** 52,6% од испитаниците одговориле дека корупцијата подеднакво ги засега и двата пола. Од друга страна, 19,2% сметаат дека жените се повеќе изложени, додека 13,2% сметаат дека тоа важи за мажите. Остатокот од испитаниците не дале прецизен одговор или не знаеле да проценат.




Овие резултати укажуваат дека поголемиот дел од младите ја перципираат корупцијата како универзален проблем, без изразена родова димензија. Сепак, присуството на зна-

чаен процент кој смета дека жените се попогодени, отвора простор за натамошна анализа на родовите аспекти на пристапот до јавни услуги, политичкото и институционалното учество, како и ризиците од корупција поврзани со ранливоста на одредени категории жени (на пр., млади, невработени, самохрани мајки итн.)

Вработувањето е убедливо најчесто наведуваната област во која **жените се соочуваат со корупција,** според 68,8% од испитаниците. Политиката ја следи со 42,6%, додека образованието (37,2%) и здравството (31,2%) исто така се перципираат како значајни сектори каде жените се изложени на коруптивни практики. Ова укажува на тоа дека младите ја препознаваат родовата ранливост особено во процесите на вработување и носење одлуки, каде што влијанието на клиентелизам и партиска поврзаност е особено нагласено.



Кога станува збор **за мажите,** вработувањето (51,4%) и политиката (50,6%) се речиси изедначени како области каде што тие најчесто **се соочуваат со корупција.** Следат здравството (36,9%) и образованието (33,1%). Овие резултати укажуваат дека и кај мажите, како и кај жените, постои силно чувство дека корупцијата е најприсутна токму во областите каде што се носат важни одлуки – како што се вработувањето и политиката – што дополнително ја нагласува перцепцијата за нерамноправен пристап и можности во општеството.





Во однос на **распространетоста на „сексуалната корупција“** во земјата, 43,4% од испитаниците не знаат како да одговорат, додека 17,5% ја оцениле како многу присутна, 20% како умерено присутна, а 14% како малку распространета.

Резултатите од анкетата покажуваат дека младите генерално ја доживуваат корупцијата како родово неутрална појава. Повеќе од половината сметаат дека таа подеднакво ги погодува, и жените и мажите, додека значителен дел не знаат како да одговорат на прашањето за распространетоста на сексуалната корупција. Сепак, мнозинството препознаваат одредени општествени области, како што се вработувањето, политиката, образованието и здравството, во кои жените и мажите можат да бидат различно погодени. Тоа укажува на постоење на основни сознанија кај младите дека корупцијата не влијае идентично врз сите и дека родовата димензија има значење.

Иако значителен дел од младите (43,4%) не знаат како да одговорат на прашањето за распространетоста на сексуалната корупција, постојат релевантни надворешни податоци кои го осветлуваат овој феномен. Бројни релевантни истражувања и анализи покажуваат дека жените и мажите се соочуваат со различни форми на корупција и имаат различен пристап до ресурси и можности. Според податоците од истражувањето на ОБСЕ објавено во 2022 година, жените во Северна Македонија се повеќе изложени на сексуална корупција, особено во сферата на високото образование и јавната администрација. Овој облик на корупција – познат како „сексуална корупција“ – подразбира барање или прифаќање сексуални услуги во замена за јавни услуги или поволности. Истото истражување покажува дека жените имаат помал пристап до моќ и одлучување, што ги прави поранливи на вакви практики, особено во општества со изразени родови нееднаквости.

Овие сознанија, а и упатуваат на потребата корупцијата да се анализира и од родова перспектива. Тоа е важно не само од аспект на правичност, туку и за да се осмислат поефикасни механизми за превенција и заштита – кои ќе ги адресираат конкретните ризици со кои се соочуваат различни општествени групи.

4.4 Ставови за борбата против корупција


Третиот дел од прашалникот имаше за цел да ги испита ставовите на средношколците и студентите во однос на борбата против корупцијата и нивната улога во справувањето со овој сериозен општествен проблем.

Речиси половина од анкетираните (47,5%) воопшто не се согласуваат со изјавата дека институциите во државата активно се борат против корупцијата, додека 19,2% главно не се согласуваат. Дури 22,4% заземаат неутрален став, а само 8% целосно се согласуваат дека институциите преземаат активни чекори во оваа борба. Овие наоди укажуваат на изразена недоверба кај младите во посветеноста и ефикасноста на институциите за борба против корупцијата.



На прашањето **кои институции ги сметаат за најодговорни за справување со корупцијата,** 47% од испитаниците ја посочуваат Владата, а веднаш зад неа е судството со 39,4%. Полицијата ја наведуваат 29,6% од младите, а скоро ист број (29,4%) ја посочуваат и Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК). Обвинителството го идентификуваат како клучна институција 27,8% од младите, а 25% сметаат дека и претседателот на државата има одговорност во оваа сфера. Младите се препознаваат себеси како дел од решението – 23,5% одговориле дека граѓаните имаат улога во борбата против корупцијата, а потоа следуваат Собранието (22,7%), граѓанските организации (13,5%) и медиумите (12,9%).

Особено значаен е податокот дека само 23,4% од младите ги препознаваат политичките партии како одговорни чинители во борбата против корупцијата. Иако партиите имаат реална моќ – преку кадровски решенија, креирање политики и носење одлуки – тие не се перципираат како носители на решенија, туку како дел од самиот проблем. Ова укажува на длабока недоверба и перцепција за системска партизација на институциите, која во очите на младите претставува сериозна пречка за вистинска и независна борба против корупцијата.



Речиси половина од испитаниците (47,1%) сметаат дека младите **можат да влијаат врз борбата против корупција,** 33,7% не се сигурни, додека 19,1% одговориле негативно. Ова укажува на тоа дека и покрај извесната скепса, постои значителен потенцијал за ангажман на младите – особено ако им се понудат соодветни алатки, платформи и поддршка за активно учество.



Резултатите покажуваат дека над половина од испитаниците (51%) изразиле подготвеност **да се вклучат во активности за борба против корупцијата,** како што се активизам, волонтерство, кампањи и едукација. Ова е исклучително значаен индикатор за постоење на критична маса од млади луѓе кои се спремни да дејствуваат, доколку им се овозможи простор, поддршка и соодветна мотивација.


Дополнително, 36,4% одговориле дека не се сигурни, што покажува дека постои голем број на млади кои би можеле да бидат вклучени, но сè уште немаат доволно информации, доверба или поттик да се ангажираат. Оваа група претставува важен таргет за идни програми, бидејќи со добро осмислени и легитимни иницијативи, тие може да се активираат.

Од друга страна, само 12,1% категорично изјавиле дека не би се вклучиле, што укажува дека отпорот кон учество е релативно низок.



Одговорите на прашањето за **најефикасните начини за намалување на корупцијата** укажуваат на јасна перцепција кај младите дека справувањето со корупцијата бара системски пристап заснован на институционални реформи, правна сигурност и вредносна трансформација на општеството. Фактот што најголем број од испитаниците (47,1%) ја посочија независноста и ефикасноста на судството како најважен механизам за намалување на корупцијата, укажува на недоверба во правосудниот систем и очекување дека тој треба да игра централна улога во санкционирањето на коруптивното однесување. Одговорот за заштитата и охрабрувањето на свиркачите (39,6%), јасно сигнализира дека постои желба кај младите да се вклучат во борбата против корупцијата, но и дека стравот од последици и недовербата во механизмите за пријавување се реална пречка. Овој наод го потврдува и податокот дека многу мал дел од младите би пријавиле корупција во институциите. Речиси една третина (33,2%) од испитаниците сметаат дека подигнувањето на јавната свест и граѓанската едукација се клучни за спречување на корупцијата, додека сличен процент (33,4%) го истакнува и формалното образование и етичкото воспитување. Ова покажува дека младите не ја гледаат борбата против корупцијата само како правна или институционална битка, туку како процес што бара долгорочна вредносна промена и образовен ангажман. Интересно е што медиумите и меѓународната заедница добиваат значително пониски проценти (23,4% и 21,1%), што укажува дека младите не ги гледаат како клучни актери, туку повеќе се фокусираат на внатрешната реформа на државните институции.

Заклучно, добиените одговори ја отсликуваат зрелата перцепција кај младите дека антикорупциските напори треба да се насочат кон јакнење на независноста на судството, заштита на пријавувачите и вредносна трансформација преку образование и свест, наместо единствено кон репресивни мерки. Овие ставови претставуваат силна основа за развој на политики што ќе ја засилат улогата на младите во борбата против корупцијата.



Доколку лично се соочат со корупција, 30,7% од младите изјавиле дека не би презеле ништо бидејќи не веруваат дека пријавувањето ќе има ефект, а дополнителни 13,5% не би пријавиле поради страв од последици. Само 19,4% би пријавиле кај Државната комисија за спречување на корупцијата, 11,8% во полиција, 9,7% во граѓанска организација, 7% во медиум, а само 5,6% во обвинителство. Овие податоци укажуваат на длабока недоверба во институциите и перцепција за неефикасност и ризик од пријавување, што претставува сериозна пречка за функционирањето на антикорупциските механизми.




На прашањето **што би ги мотивирало да пријават корупција,** најголемиот дел од испитаниците (46,6%) одговориле дека тоа е можноста за анонимно пријавување, 28,5% навеле обезбедена заштита за пријавувачите, а 21,1% поддршка од граѓански организации или младински групи.

Овие податоци укажуваат на длабока недоверба во институциите и перцепција дека постојните механизми за пријавување се неефикасни и потенцијално ризични. За да се поттикне младинскиот активизам во борбата против корупцијата, неопходно е да се зајакнат механизмите за заштита на пријавувачите, да се гарантира нивната анонимност и да се создаде безбедна, доверлива и охрабрувачка средина за пријавување.



На последното анкетно прашање, половината од анкетираните млади (50,7%) изјавиле дека би користеле **мобилна апликација за анонимно пријавување корупција,** додека дополнителни 36,9% одговориле дека можеби би ја користеле. Само 12,1% се изјасниле негативно.



Овој резултат јасно укажува дека младите ги препознаваат дигиталните алатки како потенцијално безбедна и доверлива можност за пријавување и граѓански активизам. Анонимноста, пристапноста и едноставноста на дигиталните решенија може да бидат клучни фактори во надминувањето на недовербата и стравот од пријавување корупција преку традиционалните институционални канали.

5. **Резиме на клучни наоди**

Резултатите од истражувањето покажуваат дека младите се високо свесни за постоењето и распространетоста на корупцијата во општеството. Нивното разбирање ја надминува класичната дефиниција на корупција како поткуп или злоупотреба на функција – тие ја согледуваат како комплексен, повеќеслоен феномен што опфаќа различни форми на институционално и индивидуално девијантно однесување.

Младите прецизно ги препознаваат системските причини и главните жаришта на корупцијата. Најчесто ги наведуваат институционалните слабости, политизацијата и нефункционалноста на судството и обвинителството, како и неефикасноста на јавните служби. Дополнително, сметаат дека неказнивоста и отсуството на лична одговорност кај носителите на јавни функции создава амбиент во кој корупцијата може непречено да опстојува и засилено да се шири.

Особено загрижувачки се наодите поврзани со корупцијата во образованието. Повеќето испитаници веќе имале директно или индиректно искуство со коруптивни практики во училиштата и универзитетите – како што се купување дипломи (30%), поткуп за оценки (24,3%) и фаворизирање на ученици (21,3%). Ова укажува дека младите уште во рана возраст се изложени на образовен систем кој, наместо да ги гради вредности како знаење, труд, интегритет и правичност – ја нормализира корупцијата.

Како резултат на ваквите искуства, многу млади ја губат мотивацијата, се демотивираат, немаат доверба во институциите и размислуваат за емиграција. Корупцијата, со други зборови, не само што го нарушува институционалниот интегритет, туку негативно влијае и врз личниот развој, граѓанската активност и социјалната доверба.

Значителен дел од младите сметаат дека темата за корупција е или целосно отсутна или недоволно застапена во наставните програми. Ова укажува дека образовниот систем ја запоставува својата улога во превенција и градење на антикорупциски вредности.

Анкетата покажува дека младите генерално ја доживуваат корупцијата како родово неутрална, но препознаваат разлики по пол во одредени области – особено во процесите на вработување, каде што жените се перципираат како поизложени (68,8%). Нејасноста и неодговореноста на прашањата поврзани со сексуална корупција укажуваат на недоволна информираност, но и на постоење на стигма и чувствителност.

Во однос на институциите надлежни за борба против корупцијата, младите изразуваат високо ниво на недоверба. Само 8% целосно се согласуваат дека институциите активно се борат против корупцијата. Владата, судството и полицијата се препознаени како носители на одговорност, додека политичките партии – и покрај нивната реална моќ – не се доживуваат како дел од решението, туку напротив, како клучни актери во генерирањето на системска корупција. Особено индикативно е што само 23,4% сметаат дека политичките партии се одговорни за справување со корупцијата, додека 29,4% ја посочуваат ДКСК како релевантна институција. Сепак, само 19,4% од младите би пријавиле корупција токму кај оваа институција, што укажува на недоволна доверба и потреба за поголема видливост и пристапност на ДКСК кај младата популација.

Истражувањето идентификува и потенцијал за граѓанска мобилизација. Речиси половина (47,1%) од младите веруваат дека можат да придонесат во борбата против корупцијата, и 51% би се вклучиле во конкретни активности ако им се овозможи простор, поддршка и сигурни механизми. Притоа, решенијата кои тие ги предлагаат – независно судство (47,1%), заштита на свиркачите (39,6%), департизација (28,6%), институционална транспарентност и етичко образование – укажуваат на свесност за потребата од системски и вредносен пристап.

Во поглед на пријавувањето, младите имаат високо ниво на недоверба и страв. 30,7% не би пријавиле бидејќи сметаат дека тоа нема ефект, а 13,5% поради страв од последици. Анонимноста се појавува како најпосакуван механизам за заштита (46,6%), а поддршка од младински организации и граѓански групи (21,1%) би им помогнала да се охрабрат. Овој наод ја нагласува потребата од функционални, сигурни и достапни механизми за пријавување.

Половина од испитаниците (50,7%) изјавиле дека би користеле мобилна апликација за анонимно пријавување, додека дополнителни 36,9% одговориле дека можеби би ја користеле. Овој висок процент укажува дека младите го препознаваат дигиталниот простор како можност за активизам и пријавување – особено кога се чувствуваат недоволно заштитени од традиционалните институционални механизми.

Овие наоди заеднички укажуваат дека младите ја препознаваат корупцијата како еден од клучните проблеми на општеството, но за да се активира нивниот потенцијал во борбата против неа, неопходно е да се изградат нови и доверливи канали на поддршка, институционална отчетност и безбедни форми на ангажман.

6. **Препораки**

Резултатите од анкетата јасно ја нагласуваат потребата од системски и интегриран пристап во борбата против корупцијата, со младите како клучни и активни чинители во овој процес. За да се поттикне вистинска мобилизација и мотивација кај младата популација, неопходно е значително да се засили и поддржи и формалното и неформалното антикорупциско образование. Ваквото образование треба да овозможи стекнување знаења, вредности и конкретни алатки за препознавање, спречување и пријавување коруптивни практики. Овој пристап бара координирани, долгорочни и усогласени чекори од страна на креаторите на политики, образовните институции и граѓанскиот сектор. Во таа насока, препорачуваме:

Владата, Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието да:

• го унапредат и институционализираат антикорупциското образование и градењето интегритет во сите нивоа на формалното образование – од основно до високо. Темите поврзани со корупција, етика и одговорност да бидат интегрирани низ наставните програми, не само во одредени предмети;

• обезбедат редовна евалуација на ефективноста на постојните антикорупциски содржини, со цел да се мери нивното влијание врз знаењето, ставовите и однесувањето на учениците и студентите;

• инвестираат во развој на иновативни, интерактивни и практични едукативни содржини, кои ќе го продлабочат разбирањето за корупцијата и ќе поттикнат критичко размислување, лична одговорност и активно граѓанство;

• воспостават постојана соработка со ДКСК, граѓанските организации и експерти при развојот и спроведувањето на антикорупциските образовни програми;

• го зајакнат капацитетот и интегритетот на наставниот кадар преку обуки, менторска поддршка и достапни ресурси. Ова ќе овозможи поквалитетна настава, подобро разбирање на темите поврзани со корупција и отпорност на училиштата на коруптивни влијанија;

• воспостават мониторинг и евалуациски механизам за следење на ефектите од антикорупциското образование преку редовни анкети и извештаи;

• воспостават обврзувачки индикатори за интегритет при надзор на воспитно-образовните институции.

Образовните установи (основни и средни училишта) да:

• бидат проактивни во имплементирањето на антикорупциските содржини преку современи, интерактивни и ученик-ориентирани методи на работа;

• организираат редовни работилници, симулации и дебати за продлабочување на знаењата и поттикнување критичко размислување;

• воспостават ефективни системи за превенција од коруптивни практики, вклучително и функционални механизми за анонимно пријавување случаи на корупција;

• развијат внатрешен протокол за постапување по пријави за корупција, достапен за ученици и родители;

• изработуваат годишен извештај за ризици од корупција со вклучен глас на учениците;

• формираат училишни тимови за интегритет, составени од наставници, стручна служба и ученици, кои ќе работат на идентификација, превенција и решавање на корупциски ризици (нпр. непотизам, фаворизирање, поткуп за оценки), како и на промоција на етичко однесување;

• ги вклучат родителите преку учество во тематски работилници, јавни дебати и кампањи за етика и интегритет;

• поддржуваат и охрабруваат иницијативи од учениците за самостојно создавање на едукативни проекти, кампањи и јавни настани на тема антикорупција;

• воспостават долгорочни партнерства со ДКСК и граѓански организации за ко-дизајнирање и реализирање дополнителни активности, врсничка едукација и јавни кампањи за отпорност кон корупција.

Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК), граѓанските организации и младинските иницијативи да:

• развиваат и обезбедуваат алатки, ресурси и активности за неформално антикорупциско образование (вклучително и мобилни апликации, дигитални игри, квизови и видео-материјали), кои ќе бидат достапни, инклузивни и привлечни за младите;

• организираат јавни кампањи, форуми, дебати и обуки за подигање на јавната свест и охрабрување на младите за активно учество во антикорупциски иницијативи и врсничка едукација;

• градат партнерства со образовни установи и креатори на образовни политики за заедничко креирање антикорупциски едукативни содржини кои се засновани на реални потреби и се прилагодени на возраста на учениците и студентите;

• воспостават менторски програми со млади амбасадори на интегритет во соработка со училишта и младински совети;

• унапредат дигиталните механизми за анонимно пријавување, со активна промоција, лесен пристап и доверба кај младите корисници.

На младите им препорачуваме:

• активно да се вклучуваат во формални и неформални едукативни програми и активности поврзани со етиката и антикорупцијата;

• да иницираат и спроведуваат сопствени проекти, кампањи и врснички активности што ја промовираат транспарентноста и граѓанската одговорност;

• да ги охрабруваат своите наставници, училишта и локални заедници да го поддржат антикорупциското образование и неговата суштинска примена;

• да пријавуваат коруптивни практики, барајќи воспоставување на безбедни, доверливи и ефикасни механизми за пријавување и заштита;

• да учествуваат во младински совети, ученички парламенти и иницијативи кои обезбедуваат платформа за нивниот глас во процесите на носење одлуки;

• да создаваат и користат мобилни и дигитални алатки за врсничка едукација и мобилизација во борбата против корупцијата.

7. Заклучни пораци и Повик за акција

5 клучни пораци од истражувањето

1. *Младите ја доживуваат корупцијата како системски, а не изолиран проблем.*
2. *Образованието е главна точка на искуство со корупција уште од младост.*
3. *Мнозинството не верува во ефективноста на институциите.*
4. *Анонимноста и дигиталните алатки се клуч за охрабрување пријавување.*
5. *Постојат јасни предлози од младите за системски решенија.*

Што можат младите да преземат во борбата против корупцијата

- ◊ *Вклучи се во младински иницијативи и дебати за антикорупција*
- ◊ *Сподели информации и охрабри ги врсниците да зборуваат*
- ◊ *Искористи дигитални алатки за анонимно пријавување*
- ◊ *Иницирај проекти и кампањи во училиштето или факултетот*
- ◊ *Биди пример за етичко однесување*

Финален став: Повик за акција

Младите не се рамнодушни – тие имаат ставови, идеи и желба за промена. Време е институциите, училиштата и заедницата да го препознаат и поддржат нивниот глас. Поддршката мора да биде реална, достапна и сигурна – а акцијата мора да започне сега.

8. Прилози

8.1 Анкетен прашалник: Перцепции на младите за корупцијата

Оваа анкета се спроведува во рамки на проектот „Младите во Република Северна Македонија: Клучна алка во градењето општество без корупција“, поддржан преку ZIVIK Програмата за финансирање со средства обезбедени од Германското Сојузно Министерство за надворешни работи.

Целта на оваа анкета е да се проценат знаењата, ставовите, искуствата и подготвеноста на младите на возраст од 16 до 26 години, за справување со корупцијата во општеството.

Анкетата е анонимна. Сите одговори ќе бидат обработени исклучиво како збирни податоци, без да се прави индивидуално толкување или наведување на одговорите индивидуално. Резултатите ќе се користат за изработка на препораки кои би им помогнале на носителите на одлуки да планираат идни мерки и активности за спречување на корупцијата.

Вашето учество е доброволно, а вашето мислење е од големо значење за подобрување на состојбите поврзани со младите и корупцијата во нашето општество.

Дел 1: Демографски податоци

Возраст:

- ◊ *16 – 18 години*
- ◊ *19 – 22 години*
- ◊ *23 – 26 години*

Пол:

- ◊ *Машки*
- ◊ *Женски*
- ◊ *Не сакам да кажам*

Место на живеење:

- ◊ *Скопје*
- ◊ *Гостивар*
- ◊ *Струмица*
- ◊ *Друго (наведете):*

Статус:

- ◊ *Средношколец/ка*
- ◊ *Студент/ка*
- ◊ *Вработен/а*
- ◊ *Невработен/а*
- ◊ *Друго (наведете):*

Етничка припадност (факултативен одговор):

- ◊ *Македонска*
- ◊ *Албанска*
- ◊ *Турска*
- ◊ *Ромска*
- ◊ *Српска*
- ◊ *Бошњачка*
- ◊ *Влашка*
- ◊ *Не сакам да одговорам*
- ◊ *Друго (наведете):*

Дел 2: Препознавање, перцепција и искуство со корупцијата

Како би ја дефинирале „корупцијата“?

- ◊ *Поткуп*
- ◊ *Злоупотреба на моќ*
- ◊ *Фаворизирање / непотизам*
- ◊ *Се од наведеното*
- ◊ *Ништо од наведеното*
- ◊ *Друго (наведете):*

Колку сметате дека знаете што е корупција и дали можете да ја препознаете?

- ◊ *Не знам што е корупција и не можам да ја препознаам*
- ◊ *Делумно знам и понекогаш можам да ја препознаам*
- ◊ *Многу добро знам и секогаш можам да ја препознаам*
- ◊ *Не знам/ Немам мислење*

Кои се, според вас, главните причини за корупција во земјава?
(изберете најмногу 2 одговори)

- ◊ *Непрофесионално и партиски контролирано судство*
- ◊ *Политизирани институции и администрација*
- ◊ *Култура на неказнивост – никој не одговара за корупција*
- ◊ *Сиромаштија во земјава*
- ◊ *Ниски плати во јавниот сектор*
- ◊ *Отсуство на етика и лична одговорност кај носителите на функции*
- ◊ *Недоволна свесност на граѓаните за лошите последици од корупцијата*
- ◊ *Слаби механизми за контрола од страна на државата*
- ◊ *Ограничена улога на медиумите и граѓанскиот сектор*
- ◊ *Друго (наведете):*

Каде, според вас, најчесто се јавува корупцијата во земјава?
(изберете најмногу 3 одговори)

- ◊ *Судството и обвинителството*
- ◊ *Владата и министерствата*
- ◊ *Општините и локалната самоуправа*
- ◊ *Здравствените установи (болници, клиники, домови на здравје)*
- ◊ *Образовните институции (училишта, факултети)*
- ◊ *Полицијата и безбедносните служби*
- ◊ *Инспекторатите и инспекциите*
- ◊ *Социјалните служби и институциите за помош*
- ◊ *Друго (наведете):*

Дали сте се соочиле со корупција во образовниот систем
(училиште, факултет и др.)?

- ◊ *Да, директно*
- ◊ *Да, индиректно (знам за случаи)*
- ◊ *Не*
- ◊ *Не знам*

Дали сте биле сведок или сте слушнале за некој од следниве примери?

- ◊ *Поткуп за оценки*
- ◊ *Фаворизирање ученици / студенти*
- ◊ *Купување дипломи / сертификати*
- ◊ *Злоупотреба на буџетски средства во училиштето/ факултетот*
- ◊ *Ништо од наведеното*

Колку, според вас, темата за корупцијата е застапена и се изучува во образованието?

- ◊ Воопшто не е застапена
- ◊ Малку е застапена
- ◊ Доволно е застапена
- ◊ Целосно е застапена
- ◊ Не знам

Кои се, според вас, најнегативните последици од корупцијата врз младите во општеството?? (изберете најмногу 3 одговори)

- ◊ *Губење мотивација и надеж дека образованието и трудот се исплатат*
- ◊ *Масовна емиграција на младите*
- ◊ *Недоверба во институциите и во демократијата*
- ◊ *Незаинтересираност на младите за активно учество во општествениот живот*
- ◊ *Поттикнување култура на молчење и прифаќање неправда*
- ◊ *Зголемена општествена нееднаквост и економско-социјално исклучување*
- ◊ *Друго (наведете):*

Дел 3: Корупцијата и родовата еднаквост

Дали, според вас, жените или мажите се повеќе изложени на корупција?

- ◊ *Жените*
- ◊ *Мажите*
- ◊ *Нема значителна разлика, еднакво се изложени*
- ◊ *Не знам*

Во кои области најчесто жените/девојките се соочуваат со корупција?
(изберете најмногу 2 одговори)

- ◊ *Образование*
- ◊ *Вработување*
- ◊ *Здравство*
- ◊ *Политика*
- ◊ *Друго (наведете):*

Во кои области најчесто мажите/момчињата се соочуваат со корупција?
(изберете најмногу 2 одговори)

- ◊ *Образование*
- ◊ *Вработување*
- ◊ *Здравство*
- ◊ *Политика*
- ◊ *Друго (наведете):*

Во колкава мера е, според вас, распространета „сексуалната корупција“ во земјава?

- ◊ *Воопшто не е распространета*
- ◊ *Малку е распространета*
- ◊ *Умерено е распространета*
- ◊ *Многу е распространета*
- ◊ *Не знам*

Дел 4: Ставови за борбата против корупцијата

Колку се согласувате со следнава изјава: „Институциите во државава активно се борат против корупцијата“?

- ◊ *Воопшто не се согласувам*
- ◊ *Главно не се согласувам*
- ◊ *Ниту се согласувам, ниту не се согласувам*
- ◊ *Главно се согласувам*
- ◊ *Целосно се согласувам*

Која од следниве институции или организации е, според вас, најодговорна за справување со корупцијата во земјава? (изберете најмногу 3 одговори)

- ◊ *Претседателот на државата*
- ◊ *Собранието*
- ◊ *Владата*
- ◊ *Судството*
- ◊ *Обвинителството*
- ◊ *Полицијата*
- ◊ *Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК)*
- ◊ *Политичките партии*
- ◊ *Граѓанските организации*
- ◊ *Медиумите / новинарите*
- ◊ *Граѓаните (индивидуално)*
- ◊ *Друго (наведете):*

Дали, според вас, младите можат да влијаат врз борбата против корупцијата?

- ◊ *Да*
- ◊ *Не*
- ◊ *Не сум сигурен/а*

Дали би се вклучите во активности за борба против корупцијата (активизам, волонтирество, кампањи, едукација и др.)?

- ◊ *Да*
- ◊ *Не*
- ◊ *Не знам*

Кои се, според вас, најефикасните начини за намалување на корупцијата? (изберете најмногу 3 одговори)

- ◊ *Независно и ефикасно судство*
- ◊ *Зголемена транспарентност и отчетност на институциите*
- ◊ *Подобра контрола врз јавните трошоци*
- ◊ *Зголемена улога на медиумите и истражувачкото новинарство*
- ◊ *Заштита и охрабрување на пријавувачите на корупција (свиркачи)*
- ◊ *Департизација на институциите и јавната администрација*
- ◊ *Подобро образование и етичко воспитување*
- ◊ *Поддршка од меѓународната заедница (ЕУ и др.)*
- ◊ *Засилена едукација и подигнување на свеста на граѓаните за корупцијата*
- ◊ *Друго (наведете):*

Доколку лично се соочите со корупција, како ќе постапите?

- ◊ *Ќе пријавите до Државната комисија за спречување на корупцијата*
- ◊ *Ќе пријавите во обвинителство*
- ◊ *Ќе пријавите во полиција*
- ◊ *Ќе пријавите во некој медиум*
- ◊ *Ќе пријавите во граѓанска организација која се занимава со корупција*
- ◊ *Нема да преземете ништо, затоа што, не верувате дека ќе има ефект*
- ◊ *Нема да преземете ништо, затоа што, се плашите од последици*
- ◊ *Друго (наведете):*

Што би ве мотивирало да пријавите корупција?

- ◊ *Анонимност*
- ◊ *Обезбедена заштита за пријавувачи*
- ◊ *Поддршка од здруженија или групи млади*
- ◊ *Друго (наведете):*

Дали би користеле мобилна апликација која овозможува анонимно пријавување корупција?

- ◊ *Да*
- ◊ *Не*
- ◊ *Можеби*

9. Користени кратенки, документи и линкови

Користени кратенки

CPI - Индекс на перцепција на корупцијата

ГРЕКО - Групата на држави против корупција при Советот на Европа

UNCAC - Конвенција на Обединетите нации против корупција

ОН – Обединети Нации

ЕК – Европска комисија

ДКСК - Државна комисија за спречување на корупцијата

ОБСЕ - Организација за безбедност и соработка на Европа

ИДСЦ - Институт за демократија „Социетас Цивилис“

Користени документи, линкови

1. Евротинк – Центар за европски стратегии, „Корупцијата е секојдневие за македонските граѓани“(24.12.2024), https://eurothink.mk/2024/12/24/%d0%ba%d0%be%d1%80%d1%83%d0%bf%d1%86%d0%b8%d1%98%d0%b0%d1%82%d0%b0-e-%d1%81%d0%b5%d0%ba%d0%be%d1%98%d0%b4%d0%bd%d0%b5%d0%b2%d0%b8%d0%b5-%d0%b7%d0%b0-%d0%bc%d0%b0%d0%ba%d0%b5%d0%b4%d0%be%d0%bd%d1%81/

2. Институт за демократија „Социетас Цивилис“ (ИДСЦ), документ за јавни политики „ Образование како фактор на одржлива борба против корупција“, автор Мартина Илиевска (2021), https://idscs.org.mk/wp-content/uploads/2021/04/WEB-A4-Краток-документ-12-2021-Образование-како-фактор-на-одржлива-борба-против-корупција-МК.pdf

3. Транспаренси Интернешнел, Индекс на перцепција на корупцијата 2024: Погубна улога на корупцијата во кризата со климатските промени (2024), https://transparency.mk/2025/02/11/indeks-na-percepcija-na-korupcijata-2024-pogubna-uloga-na-korupcijata-vo-krizata-so-klimatskite-promeni/

4. Извештај на Европската комисија за 2024 година за Република Северна Македонија (2024), https://enlargement.ec.europa.eu/document/download/5f0c9185-ce46-46fc-bf44-82318ab47e88_en?filename=North%20Macedonia%20Report%202024.pdf

5. Интернет страница на Транспаренси Интернешнел, „Што е корупција?“, https://enlargement.ec.europa.eu/document/download/5f0c9185-ce46-46fc-bf44-82318ab47e88_en?filename=North%20Macedonia%20Report%202024.pdf

6. Интернет страница на Канцеларијата за дрога и криминал на Обединетите Нации, „Што е корупција?“, https://www.unodc.org/corruption/en/learn/what-is-corruption.html

7. Конвенција на Обединетите Нации против корупција (UNCAC), https://www.unodc.org/documents/brussels/UN_Convention_Against_Corruption.pdf

8. Интернет страница на Групата на држави против корупција при Советот на Европа – ГРЕКО, https://www.coe.int/en/web/greco

9. Закон за спречување на корупцијата и судирот на интереси (2019), https://dksk.mk/wp-content/uploads/2020/12/Закон-за-спречување-на-корупцијата-и-судирот-на-интереси.pdf

10. Национална стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021–2025, ДКСК, https://dksk.mk/wp-content/uploads/2023/09/Конечен-пречистен-текст-на-НС2021-2025-04082023.pdf

11. ОБСЕ, „Истражувања од перцепцијата за родовите формина корупција во Република Северна Македонија – сектори високо образоцание и јавна администрација“ (2022), https://www.osce.org/files/f/documents/3/c/540792.pdf

